# ЗАКОН ЗА
# ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
**(пречистен текст)**

**("Сл. весник на Р Македонија" бр.69/04 од 07.12.2004 година и бр.22/07 од 23.02.2007 г.)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува системот за внатрешна ревизија заснован согласно со меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, целите, принципите, организацијата, функционирањето и надлежностите на внатрешната ревизија на субјектите во јавниот сектор во Република Македонија.

(2) Одредбите на овој закон се однесуваат на следниве субјекти од јавниот сектор (во натамошниот текст: субјекти): корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта, Агенцијата за вработување на Република Македонија, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, како и правните лица во кои државата е доминантен акционер.

## II. ДЕФИНИЦИИ

### Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

а) внатрешна ревизија е независна објективна активност за проверување на информации и потврдување на нивната точност и давање совет, создадена со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите. Таа им помага на субјектите да ги исполнат своите цели, применувајќи планиран, строго определен пристап за процена и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето;

б) ревизија на усогласеност (регуларност) е процена дали работењето е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти што се во сила;

в) ревизија на системите за внатрешна контрола е темелна процена на функционирањето на системите за внатрешна контрола;

г) ревизија на успешноста во работењето (извршувањето) е процена на економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето и користењето на средствата во дефинирана област на активности или програми и

д) финансиска ревизија е проверка на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи.